Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

Дел. Бр. 149 – 50/1
Датум: 26.01.2026 година
Место: Скопје

**Предлага:** м-р Васе Анакиев
Директор,
Државен инспекторат за земјоделство
(м.п.)

**Одобрил:** Цветан Трипуновски
Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство
(м.п.)

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И
ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

Дел. Бр. 149 – 50/1
Датум: 26.01.2026 година
Место: Скопје

**Предлага:** м-р Васе Анакиев
Директор,

Државен инспекторат за земјоделство

(м.п.)

**Одобрил:** Цветан Трипуновски
Министер
за земјоделство, шумарство и
водостопанство

(м.п.)

# СОДРЖИНА

I. **РЕЗИМЕ** ....................................................................................................................4
I.1. Управување со ризици ....................................................................................................4
I.2. Организација и раководење ............................................................................................4
I.3. Инспекциски надзор ........................................................................................................4
I.4. Обука на инспекторите и административните службеници .......................................5
I.5. Буџет и финансирање.........................................................................................................5
I.6. Меѓународна соработка ......................................................................................................5
I.7. Други активности на инспекциската служба ...............................................................6
I.8. Соработка со други институции .......................................................................................6
I.9. Заклучоци и препораки.......................................................................................................6
**II. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**...........................................................................................6
II.1. Дефинирање на ризични области ....................................................................................8
II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ...........9
II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик ...............................9
II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор...............................10
II.5. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор...............................11
**III. Организација и раководење** .......................................................................................11
III.1. Правен статус на институцијата ....................................................................................11
III.2. Раководство.......................................................................................................................12
III.3. Надлежности ....................................................................................................................12
III.4. Организациска структура ...............................................................................................13
III.5. Состојба со човечки ресурси .........................................................................................15
III.6. Наградување и унапредување.........................................................................................19
III.7. Пријавени неправилности................................................................................................19
III.8. Интегритет ........................................................................................................................19
**IV. Инспекциски надзор** .......................................................................................................19
IV.1. План за работа на Државниот инспекторат за земјоделство за 2025 година ......................21
IV.2. Реализација на планот за 2025 година............................................................................22
IV.3. Редовни инспекциски надзори.........................................................................................29
IV.4. Вонредни инспекциски надзори ......................................................................................29
IV.5. Контролни инспекциски надзори ....................................................................................29
IV.6. Инспекциски мерки (неправилности) ............................................................................29
**V. Обука на инспекторите и административните службеници**.........................................42

**VI. Буџет и финансирање** ........ 46
**VII. Меѓународна соработка** ........ 46
**VIII. Други активности на инспекциската служба** ........ 47
VIII.1. Начело на транспарентност и јавност ........ 47
VIII.2. Претставки и предлози  и слободен пристап до информации ........ 48
VIII.3. Односи со медиумите ........ 49
VIII.4. Интернет страница ........ 50
VIII.5. Употреба и надградби на ИТ системите ........ 50
VIII.6. Иновации во работењето, унапредување и воведување на интерни процедури во инспекциската служба ........ 51
VIII.7. Соработка со други инспекциски служби и државни институции ........ 51
VIII.8. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите ........ 52
VIII.9. Соработка со образовни и научни институции ........ 52
VIII.10. Проекти ........ 53
IX. Оценување на учинокот на инспекторите за 2025 година ........ 54
X. Осигурување на инспекторите ........ 56
XI. Заклучоци и препораки ........ 56

# I. Резиме

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, согласно член 28 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25 и 269/25) и Правилник за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби (*Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 238/19*), донесе **годишен извештај за работа на Државниот инспекторат за земјоделство за 2025 година,** кој ги содржи следните поглавја:

## I.1. Управување со ризици

Се воспостави рамка за управување со ризици во процесот на вршење на инспекциски надзор. Ресурсите на Инспекторатот се насочуваат кон областите каде што ризикот од појава на сериозни неправилности е најголем, со примена на минимално потребно ниво на интервенција за обезбедување усогласеност. Процесот на управување со ризик е воспоставен согласно донесената Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори.

## I.2. Организација и раководење

Прикажан е правниот статус на Државниот инспекторат за земјоделство, раководството, надлежностите, организациската структура и состојбата со човечките ресурси (структура на вработените, нови вработувања и пензионирања, како и број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во текот на 2025 година), при што податоците се прикажани преку табеларни прегледи.

## I.3. Инспекциски надзор

Во текот на 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство своето работење го реализираше преку доследно спроведување на одредбите од законите и подзаконските акти од делокругот на својата надлежност, преку вршење на инспекциски надзори и преземање на инспекциски мерки кај сите субјекти кои работат во овие области. Инспекторатот навремено постапуваше и по доставените информации за утврдени неправилности и злоупотреби, во случаи кога не се почитувале одредбите од законите и подзаконските прописи.

Прегледот на вкупниот број на спроведени инспекциски надзори и утврдени неправилности, според вид на инспекциски надзор, региони и општини, е статистички прикажан во Табела 3 (за Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор), како и преку табеларни прегледи по закони со соодветни графички прикази на реализацијата во текот на 2025 година. Дополнително, извршени се анализи со кои е прикажана реализацијата на Годишниот план за работа на инспекциската служба.

Во текот на 2025 година, од вкупно планирани **39076** инспекциски надзори, реализирани се **47847** инспекциски надзори, што претставува **122,45 %** реализација на годишно ниво, со што степенот на реализација на планираните активности е надминат. Вкупниот број на извршени инспекциски надзори опфаќа редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори.

## I.4. Обука на инспекторите и административните службеници

Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор и член 10, став (2) од Закон за државниот инспекторат за земјоделство, директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2025 година со архивски број 03-1364/1 од година од 11.11.2024 година.

Во текот на 2025 година се реализирани вкупно **22** обуки (генерички-7, специјализирани-8 и други-7), со вкупно **581** учесници (инспектори 580 и административни службеници-1). Обуките беа реализирани со цел надградување на основните компетенции и вештини, особено кај инспекторите, со што се овозможи постигнување на повисоки перформанси во работењето и поддршка на нивниот професионален развој, во согласност со стратешките цели на Инспекторатот.

Генеричките обуки за инспекторите беа спроведени согласно Годишната програма за 2025 година, преку ЛМС платформа за електронско учење, користејќи метод на самоучење, со поставени соодветни едукативни материјали. Инспекцискиот совет, со архивски број 02-579/1 на 20.06.2024 година, ја донесе Годишната програма за генерички обуки за 2025 година, објавена на веб-страницата на Советот. Во текот на годината, 336 инспектори успешно завршија вкупно 7 генерички обуки, што претставува реализација од 97,4 %, земајќи предвид минималниот број од три генерички обуки по инспектор (345 планирани обуки).

Од планираните специјализирани обуки (минимум по две обуки по сектор), за вкупно **203** инспектори, распределени во **8** модули, истите беа реализирани кај **235** инспектори и **1** административни службеници, при што реализацијата на специјализираните обуки изнесува **103 %**.

Кај вкупно **581** учесници (инспектори-580 и административни службеници-1), преку реализација на **22** обуки, беше извршено дополнително надградување на основните компетенции и вештини, особено кај инспекторите, со што се придонесе кон унапредување на нивните професионални капацитети и ефикасност во работењето. Податоците за реализираните обуки се прикажани во Дополнителен табеларен преглед бр. 7.

Виш инспектор д-р Мери Петреска од Државниот инспекторат за земјоделство, како номинираниот обучувач, беше вклучен во реализацијата на обуки на Инспекцискиот совет за Модул 3 – Законот за прекршоците, одржани на 14.04.2025 и 10.10.2025 година. Обуките беа спроведени со физичко присуство во просториите на Инспекцискиот совет, во рамки на интерактивната обука за кандидати за инспектори за 2025 година.

## I.5. Буџет и финансирање

Извештајот за реализацијата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за Државниот инспекторат за земјоделство, како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е прикажан согласно главните категории на приходи и расходи.

## I.6. Меѓународна соработка

Државниот инспекторат за земјоделство, преку своето работење, врши сложени, стручно-оперативни и аналитички задачи и активности насочени кон поддршка на процесот на европска интеграција и преговорите за пристапување во Европската Унија, во делот на надлежностите на Инспекторатот. Активностите се реализираат во рамки на следните

преговарачки поглавја: Поглавје 11 – Земјоделство и рурален развој, Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика и Поглавје 13 – Рибарство.

### I.7. Други активности на инспекциската служба

При вршењето на своите работни задачи, Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност, во согласност со закон. Информациите поврзани со работата на Државниот инспекторат за земјоделство, во електронска форма, се јавно достапни за граѓаните преку официјалната интернет-страница на Инспекторатот (http://diz.gov.mk).

### I.8. Соработка со други институции

Поради широкиот спектар на законски овластувања и надлежности, при своето работење Инспекторатот остварува соработка со бизнис заедницата, здруженијата на потрошувачите, образовните и научните институции, како и со други релевантни чинители кои со своите активности придонесуваат кон зголемување на транспарентноста и унапредување на работењето.

Воедно, Државниот инспекторат за земјоделство има потреба од воспоставување на софтверска апликација која ќе овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите.

### I.9. Заклучоци и препораки

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор, заснован на планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, се постигна повисоко ниво на транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор.

Општата оценка за реализацијата на зацртаните програмски цели и задачи е на високо ниво, при што истите се реализирани квалитетно, ефективно и ефикасно, со почитување на утврдените рокови и во согласност со месечните планови за работа на инспекциската служба за 2025 година.

## II. Управување со ризици

Со цел да се воспостави рамка за интегрирано управување со ризици во процесот на вршење на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за земјоделство кон областите каде ризикот за појава на неправилности е најголем, а со користење на минимално потребно ниво на интервенција за обезбедување усогласеност, започна воспоставувањето на процесот на управување со ризик, согласно донесената „Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори" (арх. Бр. 02-633/2 од 25.08.2020 година).

Законската рамка која се применува во секторите за инспекциски надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој инспектор. Периодично се идентификуваат законските обврски и субјектите кои не се придржуваат кон законската

регулатива, при што се преземаат мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури.

Заради тоа, управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Инспекторатот. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кој се заснова на:

- идентификување и проценка на ризици;
- утврдување на степенот на ризици при планирањето на инспекциските надзори;
- проценка на веројатноста и ефектот/влијанието на ризиците;
- следење и оценка на ризиците;
- утврдување соодветни внатрешни мерки за нивно контролирање при спроведување на инспекциските надзори.

Управувањето со ризици овозможува: донесување поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите, како и намалување на потенцијалните проблеми кои може да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризици е да ги доведе ризиците на прифатливо ниво, со спроведување на мерки кои ќе ја намалат веројатноста за нивна појава и влијанието на нивната реализација. Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може целосно да се избегнат, но можат да се управуваат. При тоа, се утврдува одредено ниво на „прифатлив ризик" за секој конкретен случај. Прифатливиот ризик претставува степен на ризик што раководството е подготвено да го прифати при постигнувањето на своите цели.

Според **„Правилникот за елементите на проценката на ризикот и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик"** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/2019), елементите за проценка на ризик се:

- тежината на штетните последици и
- веројатноста за нивно настанување.

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка, преку идентификација на специфичните ризици во надлежностите на Инспекторатот и мерење на степенот на ризиците, со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на земјоделството.

Месечните планови за инспекциски надзор претставуваат важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи обезбедуваат оптимално распределување на ограничените ресурси за постигнување на максимални ефекти во спречувањето на неправилности и минимизирање на штети. Во извештајниот период, изработката на месечните планови во најголем дел се засноваше врз проценката на ризиците. Квалитетот на нивното извршување е во директна зависност од квалитетот на проценката на ризиците.

Врз основа на ова, извршена е проценка на очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите во секој сектор одделно. Лоцирани се сензитивните точки по закони каде Инспекторатот при вршење на надзори обрна поголемо внимание, при што проценката се базираше на искуствата од изминатите години и редовното вршење на инспекциски надзор по закони и области.

При изготвување на плановите во извештајниот период, беа користени податоци од Годишниот план, законската регулатива и други релевантни извори. Проценката на ризиците

се темели на два вида влезни информации: проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за негово појавување. Врз основа на ова, е дадена проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор по сектори и по закони.

## II.1. Дефинирање на ризични области

Предметот на инспекциски надзор се вршеше врз основа на веќе дефинирани ризични области во земјоделството, согласно утврдени критериуми. Со квалитетни, ефикасни и ефективни инспекциски надзори се намалуваше ризикот од различни непожелни влијанија, како што следува:

- **РИЗИК 1 – Загрозување на здравјето на луѓето при употреба на фитофармацевтски производи и ограничување или уништување на добро кај трговците со земјоделски репроматеријали**
  Инспекторите вршеа континуирани надзори врз пласирањето и одржливата употреба на фитофармацевтските производи, со цел намалување на ризикот за здравјето на луѓето, животните и животната средина. Се следеа принципите на интегрирана заштита на растенијата, согласно Законот за фитофармација, вклучително и контрола на земјоделските аптеки кои ги пласираат производите, за да се обезбеди нивна употреба според одобрението и правилата кај увозници, дистрибутери и трговци на мало и големо.
- **РИЗИК 2 – Ограничување или уништување на добро кај трговците со земјоделски репроматеријали**
  Се спроведе Програмата за мониторинг на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата за 2025 година, постапувајќи по Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кај увозници, дистрибутери и трговци на мало и големо, како и кај субјектите кои работат со семе и саден материјал.
- **РИЗИК 3 – Ограничување или уништување на право или интерес кај откупувачи на примарни земјоделски производи**
  Засилени Инспекциските надзори врз откупувачи на тутун, ориз, грозје и градинарски култури беа насочени кон исполнување на законските обврски, идентификување на нерегистрирани откупувачи и следење на правилното користење на единствениот идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР), согласно *Законот за земјоделство и рурален развој.*
- **РИЗИК 4 – Загрозување на некое добро, во смисла на негово оштетување или уништување, кај производители, дистрибутери, увозници на растенија, растителни производи и други објекти и предмети**
  Се спроведе мониторинг преку Програмата за фитосанитарна политика за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр.25/2025), преку здравствени прегледи кои се вршеа во производните региони и граничните премини, се со цел утврдување на присуството или отсуството на штетни организми, заради веројатноста од можни ризици од штетни организми и тоа: кај семенски и меркантилен компир, градинарски култури, овошни видови, винова лоза и тутун, а постапувајќи по Законот за здравјето на растенијата
- **РИЗИК 5 – Загрозување на добро кај корисници на државно земјоделско земјиште**
  Инспекциските надзори врз користењето на државно земјоделско земјиште беа насочени кон спречување на прекршувања на Законот за земјоделско земјиште.
- **РИЗИК 6 – Ограничување или уништување на право кај концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води**

Инспекциските надзори врз риболовните води се спроведуваа за заштита на државните риболовни води од бесправен риболов и кражби, согласно Законот за рибарство и аквакултура.

## II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот

Државниот инспекторат за земјоделство за идентификување и утврдување на ризиците користи различни извори на информации и податоци, кои произлегуваат од:

- вршење на редовен инспекциски надзор;
- претставки, пријави и дојави од правни и физички лица преку бесплатниот телефонски број;
- информации од здруженија, медиуми и други јавни извори;
- заклучоци на Владата на Република Северна Македонија;
- резултати од различни мониторинг програми;
- информации од други надлежни инспекторати;
- податоци од интерни регистри;
- соработка со други институции.

Врз основа на анализата и утврдувањето на **РИЗИК 6** – „Ограничување или уништување на право кај концесионери за стопанисување со рибите во риболовните води" – се идентификува потребата од координиран инспекциски надзор со други инспекциски служби и органи на управата. Оваа активност се спроведува преку **координативното работно тело формирано од страна на Владата на Република Северна Македонија**, за преземање на мерки и активности за контрола и следење на состојбата со риболовот и заштита на водите и рибите во Охридското Езеро.

## II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик

Инспекцискиот надзор се заснова на **проценка на ризикот**, при што ризиците се класифицираат како **низок, среден или висок ризик**. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризиците и се спроведува според **Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори**.

Одредени ризици, особено оние кои се поврзани со здравјето на луѓето, безбедноста на храната и заштитата на животната средина, претставуваат висок ризик и оправдано бараа поголемо ниво на мониторинг и проверки на субјектите на надзор. Други ризици, пак, претставуваат технички неправилности кои не оправдуваа голема потрошувачка на време и ресурси, за да се обезбеди фокус на поозначајни неправилности.

Фокусирањето кон ризиците се применуваше при одредување на зачестеноста на надзорот на субјектите. Субјектите кои ги почитуваат законските прописи поретко беа контролирани, додека оние кои дејствуваат во поризични сектори или со претходно утврдени значајни неправилности беа предмет на почести инспекциски надзори.

Во текот на извештајниот период, инспекцискиот надзор се спроведуваше согласно планираната проценка на ризикот.

| Степен на ризик | Планирани ИН | % од вкупно планирани | Реализирани ИН | % реализација |
|---|---|---|---|---|
| **Висок ризик** | 222 | 10,24 % | 165 | 74,32% |
| **Среден ризик** | 1540 | 71,03 % | 1524 | 98,96% |
| **Низок ризик** | 406 | 18,73 % | 401 | 98,76% |
| **Вкупно** | 2168 | 100% | 2090 | 96,4% |

Прегледот на бројот на планирани и реализирани инспекциски надзори, според степенот на ризик, закони и полугодие, како и процентот на оствареност, е прикажан во **Дополнителна Табела 3**.

## II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор

Државниот инспекторат за земјоделство при идентификувањето на субјекти за инспекциски надзор се води од емпириски наоди од претходно извршените инспекциски надзори, како и од регистрите во областа на земјоделството кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: Фитосанитарната управа, Управата за семе и саден материјал и организационите единици во министерството – Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Сектор за земјоделство и Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште.

За правилна проценка на ризикот и управување со истиот, потребна е соодветна база на податоци, од која ќе можат редовно да се црпат податоци за анализа на ризик. Исто така, потребно е организациско екипирање на Одделение за управување со ризик во Инспекторатот. За правилна проценка и управување со ризиците, неопходна е соодветна база на податоци од која редовно се црпат податоци за анализа на ризикот. Исто така, потребно е организациско екипирање на Одделение за управување со ризик во Инспекторатот.

Како критериуми за дефинирање на ризичните подрачја се користат:

- број на идентификувани и изречени инспекциски мерки во одредена област;
- висина на изречените прекршочни или кривични казни;
- фреквенција на повторување на прекршоците кај субјектите во дадените области;
- сложеност на инспекцискиот надзор;
- влијание врз здравјето на луѓето и растенијата.

Во текот на 2025 година, продолжија координираните инспекциски надзори и преземањето на заеднички мерки со други инспекциски служби и органи, особено во поглед на заштита и чување на државните риболовни води од бесправен риболов и кражби на риба во Преспанското и Охридското Езеро за време на ловостој.

Важно е да се напомене дека инспекциските надзори се планираат преку месечните планови за работа, користејќи податоци од регистрите на Министерството (МЗШВ), а се реализираат во дадениот период.

Покрај планираните субјекти за надзор, инспекторите вршеа и значителен број на вонредни (ненајавени) инспекциски надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица, кои се евидентирани во месечните извештаи за работа, како вонредни (ненајавени) инспекциски надзори согласно ЗИН.

### II.5. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор

Проценката на ризикот е основа за идентификување на субјектите кои ќе бидат опфатени со инспекциски надзор, согласно критериумите наведени подолу.

Државниот инспекторат за земјоделство при идентификувањето на субјекти за инспекциски надзор се води од:

- емпириски наоди од претходно извршените инспекциски надзори;
- регистрите од областа на земјоделството кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), вклучително: Фитосанитарната управа, Управата за семе и саден материјал, како и организационите единици во министерството: Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Сектор за земјоделство и Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште.

За правилна проценка и управување со ризиците, неопходна е соодветна база на податоци, од која редовно се црпат информации за анализа на ризикот, како и организациско екипирање на Одделение за управување со ризик во Инспекторатот.

Критериумите за дефинирање на ризичните подрачја вклучуваат:

- број на идентификувани и изречени инспекциски мерки;
- висина на изречените прекршочни или кривични казни;
- фреквенција на повторување на прекршоците кај субјектите;
- сложеност на инспекцискиот надзор;
- влијание врз здравјето на луѓето и растенијата.

Редовните инспекциски надзори се планираат преку месечните планови за работа користејќи податоци од регистрите на МЗШВ, писмени наредби и методологијата за зачестеност на надзор врз основа на степенот на ризик на субјектите.

Покрај планираните субјекти, инспекторите извршуваат и значителен број вонредни (ненајавени) инспекциски надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица. Сите извршени надзори се евидентираат во РЕГ-6 РИИ (регистар на инспекциски надзори) и во неделни, месечни, периодични и годишни извештаи за работа, согласно Законот за инспекциски надзори (ЗИН) и по потреба за анализи и следење на работата.

## III. Организација и раководење

### III.1. Правен статус на институцијата

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (Службен весник на Република Северна Македонија, број 03/2025, од 03.01.2025 година), Државниот инспекторат за земјоделство (во натамошниот текст: Инспекторатот) е утврден како надлежен орган за вршење на инспекциски надзор во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата.

Инспекторатот функционира како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) и ги остварува своите надлежности во согласност со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, како и подзаконските акти кои произлегуваат од него, обезбедувајќи усогласеност на инспекциските постапки со законската регулатива и стандардите за надзор.

## III.2. Раководство

Државниот инспекторат за земјоделство ги извршуваше своите надлежности преку организирано раководство и структурирани одговорности, со цел ефективно и ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.




Раководната структура се состои од следните основни компоненти:

**Директор на Инспекторатот.** Директорот на Инспекторатот се именува и разрешува од страна на Владата на Република Северна Македонија. Тој е лично одговорен за работењето на Инспекторатот пред Владата и пред **Министерот** за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Директорот го обезбедува координираното функционирање на различните сектори и го доставува до Министерот на одобрување годишниот план за работа на Инспекторатот.

**Државни инспектори за земјоделство и фитосанитарни инспектори.** Државните инспектори спроведуваат инспекциски надзор во областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата.

**Стручна служба во Инспекторатот.** Стручната служба обезбедува техничка, аналитичка и административна поддршка на директорот и инспекторите.

**Рибочувари на државни риболовни води.** Рибочуварите ја контролираат употребата на *државната риболовна вода која не е дадена на концесија* и спроведуваат инспекции во согласност со Законот за рибарство и аквакултура.

## III.3. Надлежности

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања и постапки ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, како и над поблиските прописи донесени врз основа на овие закони.

Дополнително, Инспекторатот врши инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

Државниот инспекторат е овластен да врши инспекциски надзор на правни и физички лица преку контрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз, извоз, производство, откуп и промет на:

- земјоделски производи, семе и саден материјал, цвеќе и декоративни растенија,
- фитофармацевтски производи,
- вино и производи од вино и грозје, енолошки средства, јаки алкохолни пијалоци,
- ѓубрива, тутун и тутунски производи, органски производи, ГМО, храна за животни,
- приплоден добиток, сперма од добиток, јајце клетки и ембриони.

За извршените контроли на квалитет, Инспекторатот издава уверение за квалитет – сертификат.

Државните фитосанитарни инспектори вршат контрола на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети, како и производи за заштита на растенијата (фитофармацевтски производи). Ова вклучува и утврдување на исполнување на условите за издавање на:

- фитосанитарен сертификат,
- фитосанитарен сертификат за реекспорт,
- пасош за растенијата.

Инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство постапуваат по барања од правни и физички лица за проверување и утврдување на исполнување на условите за производство и откуп на земјоделски производи и тутун, како и за утврдување на условите за регистрација на:

- откупни пунктови,
- винарски визби,
- рибници,
- пломбирање на мрежи.

Рибочуварите ја чуваат државната риболовна вода која не е дадена на концесија, со цел спречување на бесправен риболов и риболовни кражби. При вршењето на надзорот, рибочуварот составува записник и, доколку констатира неправилност, привремено ги одзема риболовните средства и риба, за што издава потврда. Одземените средства и риба, заедно со целокупната документација, се доставуваат до инспекторот (Изготвена: Интерна процедура за работа на рибочуварите во одделението за физичка заштита на риболовните води).

Во рамките на работењето на Инспекторатот функционира и **EXIM системот** – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (www.exim.gov.mk), проект на Владата на Република Северна Македонија. Системот овозможува одобрување на поднесените барања и издавање на дозволите врз основа на извршените контроли на пратките.

При спроведување на постапката за одобрување на барање за увоз, Инспекторатот издава:

- **Лиценца I005** – Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри при увоз на пратки од растително потекло,
- **Лиценца I009** – Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал при увозна постапка.

## III.4. Организациска структура

Со цел подобро управување на Инспекторатот, подобро разбирање на улогите на вработените во инспекторатот, полесно вршење на координација, контрола и комуникација

во работењето, Државниот инспекторат за земјоделство во својата систематизација има предвидено шест сектори и тоа:

***1. Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство. Во состав на овој сектор се 4 одделенија и тоа:***

1.1. Одделение за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата,

1.2.Одделение за физичка заштита на риболовни води,

1.3.Одделние за инспекциски надзор од областа на сточарството со пчеларството и

1.4.Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури.

***2. Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство со 3 одделенија и тоа:***

2.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производите за заштита на растенија и квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,

2.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми и

2.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на вино со лозарство.

**3.** ***Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи има четири одделенија и тоа:***

3.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој,

3.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство,

3.3 Одделение за инспекциски надзор од областа на тутунот и тутунските производи и

3.4 Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитетот на земјоделски производи.

**4.** ***Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика со две одделенија и тоа:***

4.1 Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин и

4.2 Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата.

Во Државниот инспекторат за земјоделство покрај 4 инспекторски сектори постојат и 2 два сектори за административна и правна поддршка и тоа:

**5.** ***Сектор за проекти и административна поддршка на директорот во кој има три одделенија и тоа:***

5.1 Одделение за проекти,

5.2 Одделение за административна поддршка на директорот и

5.3 Одделение за анализа на ризик.

**6.** ***Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци во кој има три одделениија и тоа:***

6.1 Одделение за правни работи,

6.2 Одделение за планирање и обработка на податоци,
6.3 Одделение за информатички технологии.

Во Државниот инспекторат за земјоделство, надвор од секторите, се формирани следните одделенија:
1.Одделение за внатрешна контрола и
2.Одделение за EXIM - едношалтерски систем за дозвола за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти.

## III.5. Состојба со човечки ресурси

Во текот на 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство имаше вкупно 141 вработен, вклучувајќи го и директорот на Инспекторатот, со што е реализирано 55.11% од вкупно систематизираните работни места.

Во административните сектори се систематизирани вкупно 86 работни места, а пополнети се 19, што претставува 22.09% од систематизираните позиции.

| *Сектор* | *Систематизирани работни места* | *Пополнети работни места* | *% Пополнетост* |
|---|---|---|---|
| ***Инспекциски сектори*** | *168* | *121* | *72.02%* |
| ***Административни сектори*** | *86* | *19* | *22.09%* |
| ***Директор*** | | *1* | |
| ***Вкупно (вработени)*** | *244* | ***141*** | — |

Во инспекциските сектори се систематизирани вкупно 168 работни места, од кои се пополнети 121, што претставува 72,02% од систематизираните позиции.

Во 2025 година, бројот на инспектори со лиценца за вршење инспекциски надзор изнесуваше:

- **Државни земјоделски инспектори:** 73
- **Државни фитосанитарни инспектори:** 48

**Вкупно:** 121 инспектори.

Прикажани во *Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање.*

**Класи на инспектори според звање:**

- **Б2 – 3 главни инспектори**
- **Б4 – 4 виши инспектори**
- **В1 – 97 советници инспектори**
- **В2 – 3 самостојни инспектори**
- **В3 – 3 помошници инспектори**
- **В4 – 11 помлади инспектори**

**Промени во текот на годината:**

- Во второто полугодие на 2025 година, четири (4) кандидати за инспектори се стекнаа со право за спроведување инспекциски надзори и тоа: двајца државни инспектори за земјоделство (ниво В1), еден државен инспектор за земјоделство (ниво В4) и еден

државен фитосанитарен инспектор (ниво В4). Инспекторите со ниво В4 не вршеа инспекциски надзори во текот на 2025 година.

- Двајца административни службеници со важечка лиценца беа прераспределени на инспекторски позиции: еден државен инспектор за земјоделство (ниво В1) и еден државен фитосанитарен инспектор (ниво В1), при што истите вршеа инспекциски надзори во 2025 година.
- Еден државен фитосанитарен инспектор (ниво В1) кој имаше статус на мирување поради вршење функција, започна со надзори во октомври 2025 година.

**За овие инспектори не беше извршено оценување, бидејќи имаа помалку од шест месеци работно искуство како инспектори.**

- Во текот на 2025 година, право на пензија стекнаа еден државен земјоделски инспектор (ниво В1) и еден државен фитосанитарен инспектор (ниво В1), како што е прикажано во Табела 2 – Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори.
- Во извештајниот период е извршено преземање и прераспределување на еден административен службеник – кандидат за државен земјоделски инспектор (ниво В4) и еден административен службеник – кандидат за државен фитосанитарен инспектор (ниво В1).

Сите активности и податоци за вработените се евидентирани во РЕГ-6 РИИ (регистар на инспекциски надзори) и во периодичните извештаи за работа, согласно Законот за инспекциски надзори (ЗИН).

## ТАБЕЛА 1 ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА ИНСПЕКТОРИ КОИ ВРШЕЛЕ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО 2025 ГОДИНА, ПО ВИД, ВОЗРАСТ И ЗВАЊЕ

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во 2025 година, по вид, возраст и звање

| Вид | Државен земјоделски инспектор | | | | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| Б3 – пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| В1 – советник инспектор | 1 | 2 | 20 | 23 | 9 | 55 | 0 | 5 | 11 | 17 | 9 | 42 | 1 | 7 | 31 | 40 | 10 | 97 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 3 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| В4 – помлад инспектор | 2 | 2 | 3 | 0 | 0 | 7 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 4 | 4 | 0 | 0 | 11 |
| Вкупно | 3 | 5 | 28 | 26 | 11 | 73 | 1 | 7 | 12 | 18 | 10 | 48 | 4 | 12 | 40 | 44 | 13 | 121 |

Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2025 година

| ***Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2025 година*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид | Државен земјоделски инспектор | | | Државен фитосанитарен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 1 | -1 | 0 | 1 | -1 | 0 | 2 | -2 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | -1 | 0 | 1 | -1 | 0 | 2 | -2 |

## III.6. Наградување и унапредување

Во текот на извештајниот период (поточно на 25.12.2025 година), преку предходно објавен оглас за унапредување, беа извршени следните кадровски промени:

- **Унапредувања на инспектори:**

Вкупно 6 инспектори од ниво В1 беа унапредени во раководни инспектори Б4 (Виши инспектори) и тоа: 5 – пет земјоделски и 1-еден фито..

Тројца инспектори од ниво В4 беа унапредени во ниво В1 (двајца земјоделски и еден фитосанитарен инспектор).

- **Унапредувања на административни службеници:**

Тројца административни службеници беа унапредени од Г3 во Г1.

- **Превземање и прераспределување на кадри:**

Двајца административни службеници од Државниот инспекторат за земјоделство беа прераспределени и стекнаа позиции на државен инспектор за земјоделство (ниво В1) и државен фитосанитарен инспектор (ниво В1). Истите вршеа инспекциски надзори во 2025 година и веќе поседуваа лиценци за инспектор.

Еден административен службеник – кандидат за државен земјоделски инспектор (ниво В4) и еден административен службеник – кандидат за државен фитосанитарен инспектор (ниво В1) беа преземени и прераспределени во рамките на Инспекторатот.

Овие активности придонесоа за **зголемување на капацитетот и ефикасноста на Инспекторатот**, како и за **правилна распределба на човечките ресурси** согласно потребите за инспекциски надзори и проценка на ризиците.

## III.7. Пријавени неправилности

Во извештајниот период, во Уписникот за предмети по претставки и предлози кој се води во Државниот инспекторат за земјоделство, не се евидентирани претставки кои се однесуваат на работата на инспекторите.

## III.8. Интегритет

Во периодот јануари – декември 2025 година, согласно годишниот извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност, не се регистрирани постапки или изречени мерки за дисциплинска или материјална одговорност.

# IV. Инспекциски надзор

Државниот инспекторат за земјоделство како појдовни „критериуми за идентификување на субјекти" се служеше со наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период, како и со регистрите од областа на земјоделството кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Инспекцискиот надзор се заснова според степенот на сложеност на инспекцискиот надзор, согласно Одлуката за утврдување на коефициенти на сложеност на инспекцискиот надзор (архивски број 02-905/1 од 06.10.2022 година), донесена од страна на директорот на Инспекторатот.

| пратки при реекспорт | 2355 | |
| **видови на производи кои се изразени во единечна мера** | | |
| производи – во тежина | 850.963.702 кг | |
| дрвен материјал - во волумен | 6.918,86 m³ | |
| саден материјал - во броја | 16,782,068 | |
| **видови на ѓубрива при увоз** | **број на производи** | **количина во кг** |
| Амониум-нитрат | 662 | 20,225,220 |
| КАН | 368 | 9,318,440 |
| МАП 12-52-0 | 25 | 539,670 |
| НПК | 1644 | 38,032,000 |
| Органско ѓубриво | 96 | 1,612,690 |
| Суперфосфат | 26 | 616,980 |
| Течни минерални ѓубрива | 189 | 813,440 |
| Уреа | 499 | 12,090,370 |
| Фолијарни ѓубрива | 54 | 703,880 |
| Вкупно | 3,563 | 83,952,690 |
| **фитофармацевтски производи при увоз** | **број на производи** | **количина во кг** |
| Инсектициди | 109 | 365,080 |
| Фунгициди | 123 | 579,570 |
| Хербициди | 73 | 706,640 |
| Вкупно | 305 | 1,651,290 |

## Дополнителна Табела 6 Извештај за увезени пратки на земјоделски производи за 2025 година преку EXIM системот

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Закон за квалитетот на земјоделски производи** | **Опис** | **овошје** | **зеленчук** | **храна за** | **премикси** | **жита и ориз** |
| | **ЕМ** | *кг* | *кг* | *кг* | *кг* | *кг* |
| | **Количина** | 80,112,549.00 | 54,826,429.00 | 140,211,626.00 | 13,942,703.00 | 46,525,300.00 |
| | **број на пратки** | 3617 | 3283 | 4600 | 674 | 723 |
| | **Опис** | **сончоглед** | **преработки** | **кафе** | **кикирики** | |
| | **ЕМ** | *кг* | *кг* | *кг* | *кг* | |
| | **Количина** | 900,610.00 | 12,953,580.00 | 4,043,259.00 | 3,596,727.00 | |
| | **број на пратки** | 25 | 1004 | 186 | 130 | |
| **Закон за семенски и саден материјал на** | **Опис** | **семенски** | **саден** | **мицелиум** | | |
| | **ЕМ** | *кг* | *броја* | *кг* | | |
| | **Количина** | 7,974,393.00 | 6,740,471.00 | | | |
| | **број на пратки** | 471 | 303 | | | |
| **Закон за виното** | **Опис** | **вино** | **производи од** | **додатоци за** | | |
| | **ЕМ** | *л* | *л* | *кг* | | |
| | **Количина** | 1,249,821.00 | 3,806,562.00 | 76,942.00 | | |
| | **број на пратки** | 197 | 774 | 12 | | |
| **Закон за тутун и тутунски производи** | **Опис** | **тутун** | **тутунски** | | | |
| | **ЕМ** | *кг* | *броја* | | | |
| | **Количина** | 1,798,558.00 | 2,623,660.00 | | | |
| | **број на пратки** | 163 | 397 | | | |
| **Закон за државен инспекторат за земјоделство** | **Опис** | **цвеќе и** | | | | |
| | **ЕМ** | *броја* | | | | |
| | **Количина** | 6,523,370 | | | | |
| | **број на пратки** | 395 | | | | |
| **Закон за сточарство** | **Опис** | **репродуктивн** | | | | |
| | **ЕМ** | *броја* | | | | |
| | **Количина** | 2,310,710 | | | | |
| | **број на пратки** | 140 | | | | |
| **Закон за квалитет и безбедност на ѓубрињa,** | **Опис** | **ѓубрива** | | | | |
| | **ЕМ** | *кг* | | | | |
| | **Количина** | 84,070,717.00 | | | | |
| | **број на пратки** | 2793 | | | | |

# V. Обука на инспекторите и административните службеници

Вложувањето во човечките ресурси претставува клучна инвестиција за одржлив развој на компетентна администрација. Тоа подразбира развој на соодветни знаења и вештини кај службениците, следење на современите текови во методите на работењето и примена на новини од информатичко-комуникациските технологии.

Инспекторите во Државниот инспекторат за земјоделство имаат право и должност стручно да се оспособуваат за извршување на своите задачи, согласно **Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на инспектори за 2025 година** (архивски број 03-1364/1 од 11.11.2024 година).

Во 2025 година, обуките беа реализирани преку:

- физичко присуство (специјализирани обуки),
- онлајн обуки преку бесплатната платформа за видео конференции „Zoom Meetings",
- генерички обуки преку ЛМС платформата.

Обуките беа изведувани од страна на именувани обучувачи организирани од Инспекторатот, преку различни проекти, како и од **Инспекциски совет** (ЛМС платформата).

Во текот на годината:

- Одржани се вкупно **22 обуки**,
- Со учество на **580 инспектори**,

Целта на обуките беше надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, овозможувајќи постигнување на високи перформанси, професионален развој и воспоставување на стратешки основи за идната работа на Инспекторатот.

## Дополнителна Табела 7 Преглед на план и реализирани обуки на инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство во 2025 година

| Генерички обуки на инспекторите | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Модул/Тема/Назив на обуката | Вид на обука[2] | | Целна група/ Број на учесници[3] | | | Место на одржување | Дата на одржување | Време-траење | Начин на реализација | | | Организатор[7] | | |
| | | Генеричка | Специјализ. | Инспектори | Адм.служб. | Вкупно | | | (во часови) | on-line учење во „живо" | Училница | on-line самостојно учење | ИС | ИНС | ДР |
| 1 | 1.2 Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор) | ☑ | | 68 | 0 | 68 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| 2 | 1.3 Начела и организација, постапки, одговорност и санкции (Закон за прекршоци) | ☑ | | 20 | 0 | 20 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| 3 | 1.4 Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | ☑ | | 64 | 0 | 64 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| 4 | 1.7 Компјутерска обработка и табеларни пресметки | ☑ | | 42 | 0 | 42 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| 5 | 1.10 Комуникација | ☑ | | 22 | 0 | 22 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| 6 | 1.14 Систем на интегритет во инспекциските служби | ☑ | | 50 | 0 | 50 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| 7 | 1.16 Пријавување на кривично дело против субјект на инспекциски надзор и пријавување на корупција при спроведување на инспекциска постапка | ☑ | | 70 | 0 | 70 | ЛМС | | | | | ☑ | ☑ | | |
| **ВКУПНО** | | | | **336** | **0** | **336** | | | | | | | | | |

| Специјализирани обуки на инспекторите | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 1.1 (Закон за земјоделство и рурален развој) | | ☑ | 26 | 1 | 27 | ДИЗ | 11.12.2025 | 6 | | ☑ | | | ☑ | Адријана Кукушова |
| 9 | 1.4 (Закон за органско земјоделско производство) | | ☑ | 27 | 0 | 27 | ДИЗ on-line самостојно учење | 29.09.2025 | 5 | | | ☑ | | ☑ | Мери Петреска |
| 10 | 1.5 (Закон за земјоделско земјиште) | | ☑ | 20 | 0 | 20 | Zoom | | | ☑ | | | | ☑ | |
| 11 | 1.6 (Закон за рибарство и аквакултура) | | ☑ | 20 | 0 | 20 | Zoom | | | ☑ | | | | ☑ | |
| 12 | 1.10 (Закон за виното) | | ☑ | 24 | 0 | 24 | Zoom | 17.12.2025 | | ☑ | | | | ☑ | Раководител на сектор Јован Карчовски |
| 13 | 1.12 (Закон за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата) | | ☑ | 24 | 0 | 24 | Zoom | 17.12.2025 | | ☑ | | | | ☑ | Раководител на сектор Јован Карчовски |
| 14 | 1.13 (Закон за фитофармација) | | ☑ | 47 | 0 | 47 | ДИЗ | 18.12.2025 | | | | | | ☑ | Маја Петрушева ВД раководител на одделение |
| 15 | 1.14 (Закон за здравје на растенијата) | | ☑ | 47 | 0 | 47 | ДИЗ | 21.11.2025 | | | | | | ☑ | Маја Петрушева ВД раководител на одделение |
| 16 | BTSF-EU New Plant Health Regime | | ☑ | 1 | 0 | 1 | Талин | 05-09.05.2025 | | | ☑ | | | | BTSF |
| 17 | CIHEAM-Cross-regional exchange on policy,regulation and innovation ecosystems in digital agroculture | | ☑ | 1 | 0 | 1 | Бари | 25-27.11.2025 | | | ☑ | | | | CIHEAM |
| 18 | BTSF-EU New Plant Health Regime | | ☑ | 1 | 0 | 1 | Рига | 29.09-03.10.2025 | | | ☑ | | | | BTSF |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **19** | BTSF-EFSA алатки за надзор на здравје на растенијата | | ☑ | 1 | 0 | 1 | Краков | 11-13.11.2025 | | | ☑ | | | | BTSF |
| **20** | Module 1 - Introduction and Main Framework новата регулатива на ЕУ за органско производство 2018/848 • Ефикасно спроведување и надзор на усогласеноста со регулативата на ЕУ (2018/848). • Разбирање на клучните одредби од регулативата, разликите од претходната легислатива и поврзаните акти за спроведување. | | ☑ | 2 | 0 | 2 | Online 03.09.2025 | Online 03.09.2025 | од 09:00 до 12:30 часот | ☑ | | | | | SWG (Regional Rural Development Standing Working Group) |
| **21** | Module 2 - Inspection and Control Procedures новата регулатива на ЕУ за органско производство 2018/848 Ефикасно спроведување и надзор на усогласеноста со регулативата на ЕУ (2018/848). Зајакнување на техниките за инспекција, системите за следливост и процедурите за контрола на увозот. | | ☑ | 2 | 0 | 2 | Online 10.09.2025 | Online 10.09.2025 | од 09:00 до 12:30 часот | ☑ | | | | | SWG (Regional Rural Development Standing Working Group) |
| **22** | Module 3 - Import Controls, Collaborative Oversight, and Best Practices новата регулатива на ЕУ за органско производство 2018/848 Ефикасно спроведување и надзор на усогласеноста со регулативата на ЕУ (2018/848).• Размена на најдобри практики од ЕУ и земјите-кандидатки. | | ☑ | 1 | 0 | 1 | Online 22.09.2025 | Online 22.09.2025 | од 09:00 до 12:30 часот | ☑ | | | | | SWG (Regional Rural Development Standing Working Group) Обучувач: Фарзане Махдипур (извршен директор на ICS Group,) |
| **ВКУПНО** | | | | **244** | **1** | 245 | | | | | | | | | |

**Евалуација на обуки - Табела 7:**

Обуките се оценети како **многу корисни и успешни** за намената за која беа организирани. Со нив се постигнаа стратешките основи на политиките за:

- управување,
- координација и
- развој на човечките ресурси.

Обуките обезбедија практични и релевантни показатели за **расположливите професионални потенцијали, способности и можности на вработените во Државниот инспекторат за земјоделство**.

Преку овие активности, на соодветен начин се оствари:

- јакнење и развивање на вработените преку обука и стручно усовршување,
- зајакнување на владеењето на правото,
- подобрување на ефикасноста и квалитетот на инспекциските надзори.

## VI. Буџет и финансирање

Државниот инспекторат не располага со дополнителни средства.

Врз основа на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Службен Весник на Р.С.М бр. 254/2024), ДИЗ располага со буџет во вкупен износ од 198.456.000,00 денари, од кои за:

Дополнителна Табела 8 Преглед на буџетот на ДИЗ за 2025 година

| Ставка | Категорија ставка (опис) | Одобрен буџет (денари) | Реализација 2025 година (денари) |
|---|---|---|---|
| **40** | плати и надоместоци | 154,056,000.00 ден. | 141,168,147.00 ден. |
| **41** | резерви и недефинирани расходи | 600,000.00 ден. | |
| **42** | стоки и услуги | 36,100,000.00 ден. | 24,105,659.00 ден. |
| **46** | субвенции и трансфери | 1,800,000.00 ден. | 6,530,083.00 ден. |
| **48** | капитални расходи | 5,900,000.00 ден. | 3,175,033.00 ден. |
| **Вкупно** | | **198,456,000.00 ден.** | **174,978,922.00 ден.** |

## VII. Меѓународна соработка

Инспекторатот во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ, континуирано соработуваше во 2025 година со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите од надлежност на Инспекторатот, при што се продолжи со користењето на склучените меморандуми за соработка со надлежни институции.

**Главни активности за 2025 година беа насочени кон**:

1. Поддршка на процесот на ЕУ интеграција:

- Координација на реализацијата и мониторингот на НПАА во делот на инспекторатот;
- Учествување во работни групи за НПАА во следните поглавја:
- Поглавје 11 – Земјоделство и рурален развој;
- Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика;
- Поглавје 13 – Рибарство;

- Утврдување на надлежности за имплементација на ЕУ мерки;
- Идентификување потреби за превод и ревизија на ЕУ акти;
- Подготовка на извештаи за прогресот на реализацијата на НПАА;
- Соработка со надворешни институции и давање мислења по нормативните акти поврзани со ЕУ правото;
- Учествување во подготовка на закони во процесот на апроксимација на ЕУ правото.

2. Фитосанитарна политика и стандарди:

- Имплементацијата на меѓународните фитосанитарни стандарди и барања на државите;
- Интензивирање на соработката со земјите членки на ЦЕФТА, со редовни состаноци на работни групи, хармонизација на процедурите и олеснување на трговијата со свежо овошје и зеленчук;
- Имплементацијата на SEED+ системот за електронска размена на информации и заеднички профил на ризик за дрвен материјал за пакување.

3. Иницијатива Отворен Балкан и регионална соработка:

- Со трите држави (Северна Македонија, Албанија и Србија) се води и развива иницијативата која има политика на отворени врати, особено за другите земји од Западен Балкан како Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, но и за другите земји од регионот – членки на ЕУ.

Со поврзувањето се овозможува развој на нашите економии, за заеднички регионален и единствен пазар без ограничувања, без бариери, без граници со цел негов долгорочен развој кој ќе донесе подобар живот за сите граѓани.

# VIII. Други активности на инспекциската служба

## VIII.1. Начело на транспарентност и јавност

Во 2025 година, Инспекторатот продолжи да ги применува принципите на транспарентност и јавност, согласно закон. На барање на заинтересираните правни и физички лица, Инспекторатот обезбедува информации кои се однесуваат на безбедноста на крајните корисници и ризиците по животот и здравјето на луѓето и животните, со исклучок на информациите за кои законски е ограничен пристапот.

За подобрување на односите со граѓаните и зголемување на задоволството од услугите на Инспекторатот, во 2025 година се користеше **Граѓанскиот дневник на Државниот инспекторат за земјоделство** (линк: *https://diz.gov.mk/wp-content/uploads/02021/01/02-548-од-17-06-2020-Граѓански-дневник-compressed.pdf*), која обезбеди:

- Лесен пристап на граѓаните до услугите кои ги засегаат;
- Можност за оценка на квалитетот на услугите;
- Јавна обврска на Инспекторатот кон граѓаните за стандардите на услугите.

Во 2025 година, Инспекторатот продолжи со спроведување на Планот за спречување на корупција, кој ќе опфаќа:

- Идентификување и управување со етичките дилеми и ризици од корупција;
- Применување на конкретни внатрешни и независни контролни механизми;
- Редовни и повремени ненајавени ревизии во работните процеси;
- Континуирано спроведување и надзор на активностите за спречување на корупција.

Во согласност со **Законот за заштита на укажувачи** и **Правилникот за заштитено надворешно пријавување**, во 2025 година Инспекторатот обезбеди рубрика „Односи со јавност", каде јавноста може да се информира за сите активности и информации од работата на Инспекторатот.

## VIII.2. Претставки и предлози и слободен пристап до информации

Согласно законската обврска од **Законот за постапување по претставки и предлози**, Инспекторатот во 2025 година постапи по вкупно **106 претставки или предлози**:

**35** усмени,
**60** писмени,
**11** електронски.

Претставките и предлозите беа поднесени од:
**50** физички лица,
**21** правни лица,
**16** други лица,
**19** анонимни лица.

**По сите претставки и предлози е целосно постапено од страна на Државниот инспекторат за земјоделство**, обезбедувајќи правично и транспарентно управување со пристигнатите информации и барања за слободен пристап до информации.

**Дополнителна Табеларен 9 Преглед на примени претставки по области, форма, подносител, одговорени во 2025 година**

| Број на примени претставки и предлози | | | Законски прописи | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е пост. | | Број на претставки и предлози по кои не е пост. | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | ЗАКОН ЗА | Усно | Писмено | Елек. | Физ.лица | Прав. лица | Други | Аноним. | постапено | непостапено | постапка во тек | препратени на надлежност | постапено по интервенција | постапено по интервенција на НП | на др.начин | во законски рок | по истек на рокот | рокот за пост.изминал | рокот за пост.тече | |
| 1 | | 1 | Закон за Државниот инспекторат за земјоделство | | 1 | | 1 | | | | 1 | | | | | | | 1 | | | | |
| 58 | 0 | 58 | Закон за земјоделското земјиште | 20 | 28 | 10 | 25 | 8 | 13 | 12 | 58 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 58 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | 0 | 15 | Закон за рибарство и аквакултура | 2 | 13 | 0 | 5 | 8 | 0 | 2 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | 0 | 28 | Закон за пасиштата | 12 | 16 | 0 | 17 | 4 | 2 | 5 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | | 1 | Закон за фитофармација | | 1 | | 1 | | | | 1 | | | | | | | 1 | | | | |
| 3 | | 3 | Закон за органско земјоделско производство | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 3 | | | 1 | | | | 3 | | | | |
| **106** | **0** | **106** | **ВКУПНО** | **35** | **60** | **11** | **50** | **21** | **16** | **19** | **106** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **106** | **0** | **0** | **0** | 0 |

До **Државниот инспекторат за земјоделство**, во извештајниот период (**Јануари – Декември 2025 година**), нема поднесено ниту едно барање за информации од јавен карактер.

Од страна на **Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**, до Државниот инспекторат за земјоделство:

- нема вложено ниту една жалба,
- нема усвоено ниту една жалба,
- нема одбиено или отфрлено ниту една жалба,
- нема ниту еден случај на молчење од страна на Агенцијата.

Во истиот период:

- нема поднесено барања за поведување прекршочна постапка,
- нема изречено прекршочни санкции,
- нема поведени управни спорови против конечна одлука на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## VIII.3. Односи со медиумите

Во 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство спроведува активности за ефикасна комуникација со медиумите и јавноста, со цел информирање на граѓаните и институциите за нивните права и обврски во областа на земјоделството.

**Реализираните активности вклучуваа:**

- Организирање средби со институции (директори, градоначалници на општини, владини лица и др.) и граѓани за обезбедување поддршка и информации за остварување и заштита на правата на граѓаните;
- Редовно одржување на отворени средби во повеќе населени места низ државата;
- Подготовка и доставување соопштенија до медиумите, објавувани во информативни изданија и на интернет портали;
- Функционирањето на порталот за електронска комуникација (Е-фитосанитарни барања/пријави), кој овозможува поднесување барања/пријави за:
  - Издавање фитосанитарен сертификат за извоз / реекспорт;
  - Пасоши за растенија (вклучително замена на пасоши);
  - Фитосанитарен преглед на пратки растенија, растителни производи, фитофармацевтски производи и ѓубрива при увоз / транзит.

- Продолжи користењето на EXIM системот – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, овозможувајќи одобрување и издавање на дозволите по спроведени контроли;
- Издавање на следните документи при увозни постапки:
  - Лиценца I005 – Потврда за органолептички преглед и земени мостри при увоз на растително потекло;
  - Лиценца I009 – Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал.
- Објавување на податоците создадени во рамките на надлежностите на Инспекторатот на порталот за отворени податоци (https://data.gov.mk/);
- Продолжување на соработката со здруженијата на земјоделците, вклучително обезбедување можност за пријавување на теренски неправилности преку бесплатен телефонски број (080011000) или на телефонскиот број 02/3121-462 - контакт со инспекторатот.

**Клучни пораки за комуникација со јавноста:**

- Инспекторите и Инспекторатот се посветени на заштита на правата на граѓаните и бизнис секторот, како и на почитување на правото;
- Инспекторите се транспарентни во работењето;
- Инспекторите постапуваат совесно и одговорно;
- Реформите во инспекцискиот систем ја подобруваат секојдневната работа на граѓаните и условите за бизнис секторот.

## VIII.4. Интернет страница

Во 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство продолжи со обезбедување на информации во електронска форма до граѓаните преку својата интернет страница www.diz.gov.mk**.**

**Реализираните активности вклучуваа:**

- Редовно ажурирање на страницата со податоци и информации поврзани со работењето на Инспекциската служба;
- Обезбедување на електронски услуги и информации кои се од корист за граѓаните, вклучително процедури за поднесување барања и известувања;
- Продолжување со користење на официјалната **Facebook страница** за отворена и конструктивна комуникација со јавноста, споделување на информации за тековните активности, промоција на услуги и собирање повратни информации од граѓаните;
- Препораки за користење на дигиталните канали за навремено и транспарентно информирање на граѓаните за активностите и услугите на Инспекторатот.

## VIII.5. Употреба и надградби на ИТ системите

Врз основа на реализираните активности до 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство продолжи со развој и надградба на ИТ системите со цел подобрување на ефикасноста и дигитализацијата на инспекциските процеси.

**1.** Систем SEED+ и IPPC PhytoHub

Целосно оперативно користење на електронските фитосанитарни сертификати преку SEED+ и IPPC PhytoHub, со:

- двонасочна размена на сертификати со сите земји од ЦЕФТА,
- размена со земјите на крајна дестинација,
- електронска размена на пропратни документи за свежо овошје и зеленчук,
- издавање на дигитални фито сертификати.

Целосно интегрирање и употреба на новиот систем, кој ќе обезбеди:

- ефикасна размена на податоци со сите релевантни институции,
- автоматизирано складирање и архивирање на инспекциски акти,
- побрза обработка и анализа на податоците,
- олеснета координација на инспекторите на терен.

**2.** Надградби на FIDIS системот

Планирани надградби има и за 2026 година:

- дополнително унапредување на модулот за анализа на ризик,

- воведување статистички модули,
- систем за автоматско известување и мониторинг,
- прилагодување кон нови ЕУ прописи и стандарди.

**3.** FIDIS (модули за тутун и вино)

Во текот на 2025 година се продолжи со користење на FIDIS за барања и документи за тутун и вино, со разгледување можности за:

- подобрување на аналитиката,
- интегрирање на FIDIS системот со националната платформа uslugi.gov.mk преку која бизнис заедницата ќе има можност да добива и дигитални сертификати за извоз на вино и сертификат за квалитет,
- развој на нови подмодули доколку се утврди потреба.

## VIII.6. Иновации во работењето, унапредување и воведување на интерни процедури во инспекциската служба

Во 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство продолжи со иновации и унапредување на работењето преку развој и примена на интерни процедури. Со ажурирање и воведување на интерни процедури и листи за проверка, инспекциската служба обезбедуваше унапредена ефикасност, стандардизација на процесите, намалување на ризикот од грешки и подобра транспарентност кон субјектите на надзор.

Стандардните оперативни процедури за работа на фитосанитарната инспекција се изработени во соработка со Светска банка. Истите се финализирани и одобрени од страна на директорот на Државниот инспекторат за земјоделство за задолжителна употреба од страна на државните фитосанитарни инспектори при секојдневното извршување на нивните активности. Процедурите се континуирано ажурираат согласно законските измени.

Раководителите на секторите во Инспекторатот организираа состаноци во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на кои се анализираше дали законските регулативи и промени на законите и подзаконските акти (екстерни фактори) ќе имаат влијание врз стратешките определби и целите на Инспекторатот.

## VIII.7. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Поради широкиот спектар на законски овластувања, Државниот инспекторат за земјоделство во 2025 година соработуваше со следниве институции:

- Царинска управа на РСМ
- Министерство за внатрешни работи (МВР)
- Агенција за храна и ветеринарство (АХВ)
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)
- Централен регистар на РСМ
- Државен инспекторат за животна средина и природа (ДИЖС)
- Агенција за вработување на РСМ (АВРМ)
- Финансиска полиција и други.

Инспекторатот има потпишано меморандуми за соработка со АХВ, Царинската управа, Централниот регистар и АВРСМ, обезбедувајќи размена на податоци според потреба. Во

моментот не постојат заеднички системи или методологии кои би биле значајни за понатамошно унапредување на работењето.

## VIII.8. Соработка со бизнис заедницата и здруженија на потрошувачите

Во 2025 година, Инспекторатот делуваше превентивно и беше отворен за соработка со земјоделски здруженија и невладини организации, меѓу кои:

- Здруженија на тутунопроизводители;
- Федерација на фармери на РСМ;
- Здруженија на оризопроизводители;
- Групација на мелничко-пекарската индустрија;
- Стопанска комора на РСМ;
- Здружение на лозаро-производители и др.

Целта беше градење партнерски однос со бизнис заедницата преку пораки како:

- „Инспекцијата го подобрува Вашето работење"
- „Инспекторите работат во Ваша полза"

Вработените постапуваа професионално и со високо ниво на исполнување на задачите, следејќи мотото:

- „Професионални инспектори за професионални бизниси и институции".

## VIII.9. Соработка со образовни и научни институции

Државниот инспекторат за земјоделство во 2025 година одржуваше континуирана и интензивна соработка со образовните и научните институции од областа на земјоделството, меѓу кои се: Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, Земјоделскиот факултет – Штип, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и други релевантни научни установи.

Инспекторатот има склучено **Меморандуми за соработка** со трите водечки научно-образовни институции во земјата:

| Институција | Универзитет / Локација | Датум на меморандум | Област на соработка |
|---|---|---|---|
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје | 08.02.2018 | Земјоделство, храна, стручни и научни истражувања |
| **Земјоделски факултет** | Универзитет „Гоце Делчев" – Штип | 13.12.2022 | Земјоделски технологии, практични инспекциски искуства |
| **Институт за тутун – Прилеп** | Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола | 25.01.2023 | Тутун, научни информации, нови технологии во производството |

Овие партнерства овозможуваа размена на стручни знаења, научни информации и практични искуства меѓу Инспекторатот и академската заедница. Интензивирањето на соработката придонесуваше за континуирано надградување на стручните и техничките знаења на вработените, овозможуваше следење на современи технологии, нови научни

достигнувања и подобрени инспекциски практики во 2025 година од областите во надлежност на Инспекторатот.

### VIII.10. Проекти

Државниот инспекторат за земјоделство во 2025 година активно учествуваше во бројни проекти финансирани од **Светска Банка, IPA, CEFTA, DG SANTE, SEED+**, со што се овозможи:

- Подобрување на системите за анализа на ризик
- Проценка на ефективноста на работењето на инспекциските служби
- Изработка на прирачници, протоколи и стандардни оперативни процедури
- Одржување на специјализирани обуки од експерти од ЕУ и пошироко.

Приказ на тековни проекти:

1. Активностите поврзани со SEED+ и IPPC ePhyto Hub
    - целосно оперативно користење на електронските фитосанитарни сертификати;
    - проширување на двонасочната размена на документи со сите земји од ЦЕФТА;
    - редовно ажурирање на техничките специфики и интеграцијата со националните ИТ системи;
    - обуки за инспекторите за користење на новиот дигитален модел.
2. CEFTA – овошје и зеленчук (продолжени активности)
    - дополнителни технички обуки за инспектори за приоритетни штетни организми;
    - ажурирање и примена на изработените прирачници;
    - теренски работилници за подобрување на мониторингот и надзорот;
    - подобрување на анализа на ризик за пратките кои циркулираат во регионот.
3. DG SANTE проект – продолжено усогласување со ЕУ регулативи
    - подготовка на дополнителни законски измени и подзаконски акти;
    - примена на ЕУ практики во здравјето на растенијата;
    - дополнителни обуки и работилници за професионален развој.
4. Проект со Светска банка (NSW – National Single Window)

    Како дел од WBTTFP, во 2026 продолжуваат обврските на Инспекторатот:
    - имплементација на новиот модел на национален едношалтерски систем;
    - учество во процесите за тестирање, интеграција и валидација со системите на други институции;
    - обуки за работа со NSW;
    - поддршка во развојот на нови деловни процеси и процедури;
    - учество во следење и евалуација на системот.
5. IPA Twinning проект "МК 24 IPA AG 01 24"

Твининг проект за зајакнување на фитосанитарниот систем продолжува со активности во 2026 година:

- усогласување на фитосанитарните процедури и законодавството со ЕУ-стандарди;
- подобрување на системите за мониторинг, контрола и управување со фитосанитарни ризици;
- подобрување на мониторинг системите за болести, штетници и карантински организми; вклучително ризик-базирани контроли, превенција, брз одговор при закани, и сл.
- учество во развојот и тестирањето на Фитосанитарниот Информативен Систем (Phytosanitary Information System, PIS);
- учество на обуки и јакнење на административните и инспекциските капацитети;

- поддршка на процесите за сертификација и контрола на семенски и саден материјал, како и за маркетинг/маркет-контрола на растителни производи според новите стандарди,
- развој на систем за техничка поддршка и советодавни услуги за земјоделци (заштита на растенија, интегрирани мерки, поефикасна и одржлива употреба на пестициди/фитофармацевтски средства).

Државниот инспекторат за земјоделство како еден од надлежните органи вклучени во меѓугранична трговија и промет зема активно учество во сите активности предвидени во горенаведените проекти.

Дополнително, вработените се активно вклучени во ЕУ проектот за усогласување и имплементација на европското законодавство во областа на рибарството и аквакултурата на Република Северна Македонија.

Во 2026 година, Инспекторатот ќе продолжи со реализација на проектните активности од тековните регионални и меѓународни иницијативи.

## IX. Оценување на учинокот на инспекторите за 2025 година

За 2025 година, Државниот инспекторат за земјоделство спроведе систематско оценување на учинокот на сите инспектори, согласно **член 57 став 8 од Законот за инспекциски надзор (ЗИН)** и Правилникот за начинот на оценување и формата и содржината на Образецот за оценување на учинокот на инспекторите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/19), при што не беа применети новите законски одредби кои стапуваат во сила од 01.01.2026 година.

Оценувањето се базираше на резултатите од работата на инспекторите и нивните лични квалитети, согласно критериумите за успешност утврдени во член 59 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/24 и 22/25).

Системот за управување со учинокот имаше за цел унапредување на институционалниот учинок преку подобрување на индивидуалниот учинок, идентификување на потенцијали за развој и надминување на недостатоци. Оценувањето се вршеше според следните критериуми:

- Реализација на планираните инспекциски надзори
- Почитување на законските рокови за подготовка на записници и донесување инспекциски акти
- Квалитет на работењето и писменото изразување
- Остварување на други работни цели и задачи
- Реализација на индивидуалниот план за стручно усовршување и обука.

**Резултати од оценувањето**:

Анализата покажа дека најголемиот дел од инспекторите - 97 (84,34 %) оствариле учинок во границите на очекуваното, со значителен придонес кон остварување на планираните инспекциски надзори и квалитетно работење („Б – се истакнуваат"). Дел од инспекторите - 14 (12,17 %) се издвоиле со оценка „А – особено се истакнуваат", покажувајќи исклучителен квалитет и високо ниво на професионална посветеност. Малиот број инспектори - 4 (3,478 %) со оценка „В – задоволува" укажува на потреба од дополнителна поддршка и усовршување.

Податоци од образец за оценување на учинокот на инспекторите за 2025 година по критериуми за успешност, со податоци и информации за степенот на реализација, со вкупно остварени бодови, и тоа:

**Вкупно 14 инспектори (12,17%)** се со оценка **„А – особено се истакнуваат“** (96–100 бодови), што покажува дека учинокот на овие инспектори е над очекуваното, односно дека тие даваат исклучителен придонес кон остварувањето на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со максимално почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, со највисок квалитет во работата, целосна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои им се доделени, како и целосно реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обуки;

**Вкупно 97 инспектори (84,34 %)** се со оценка **„Б – се истакнуваат“** (76–95 бодови), што покажува дека учинокот на инспекторите е во границите на очекуваното, односно дека тие даваат значителен придонес кон остварувањето на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со значително ниво на почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, значителен квалитет во работата, значителна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои им се доделени, како и значително реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обуки;

**Вкупно 4 инспектор (3,478 %)** е со оценка „**В – задоволува**“ (56–75 бодови), што покажува дека учинокот е во границите на очекуваното, односно дека се остварува просечен придонес кон остварувањето на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со просечно ниво на почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, просечен квалитет во работата, просечна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои се доделени, како и просечно реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обуки.

| Оцена описна | бодови | број на инспектори | % |
|---|---|---|---|
| **А - особено се истакнува** | 96-100 | 14 | 12,17 |
| **Б - се истакнува** | 76-95 | 97 | 84,35 |
| **В - задоволува** | 56-75 | 4 | 3,48 |
| **Г - делумно задоволува** | 36-55 | 0 | 0,00 |
| **Д - незадоволува** | 0-35 | 0 | 0,00 |
| **Вкупно** | | 115 | 100 |

Со овој пристап, ДИЗ обезбеди континуитет во работењето и правна сигурност при оценувањето на инспекторите, при што се користеше официјално утврдениот образец и правилник, со цел транспарентно и објективно утврдување на учинокот на вработените.

**Образложение:**

Имајќи предвид дека новиот Закон за инспекциски надзор стапи во сила од 01.01.2026 година, а за истиот сѐ уште не се донесени подзаконски акти, оценувањето за 2025 година е спроведено врз основа на одредбите кои биле во сила во текот на оценуваниот период, со цел да се обезбеди континуитет во работењето и правна сигурност, со почитување на роковите за управување со учинокот.

# X. Осигурување на инспекторите

Во согласност со Законот за инспекциски надзор, кој предвидува дека инспекцијата задолжително и на своја сметка го осигурува инспекторот за случаи на несреќа при работа, за 2025 година е склучен договор за осигурување бр. 02-11775/2 од 17.10.2025 година со Акционерско друштво за осигурување Македонија Скопје – Виена Иншуренс Груп, за вкупно 120 инспектори. Со овој договор е обезбедена покриеност и заштита на сите инспектори при извршување на нивните работни задачи, а податоците за осигурувањето се вклучени во годишниот извештај.

# XI. Заклучоци и препораки

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор.

Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е на **високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите, придонесот кон остварување на зацртаните цели и планови во поглед на годишната програма за работа на институцијата и покажа посветеноста и ангажираноста во планирањето и остварувањето на резултатите, работната етика и дисциплина**.

**Препораки за решавање на проблемите со кои се соочува инспекциската служба и неможноста за преземање на мерки по законите:**

**1. Управување со ризици**

- Потреба од воведување на меѓународниот стандард ISO 31000:2009 „Управување со ризици – принципи и насоки“.
- Воспоставување на електронски систем за планирање на инспекциски надзори врз основа на процена на ризик.

**2. Организација и раководење**

- Колизија меѓу надлежности според сродни закони.
- Старосната структура на инспекторите и неможност за нови вработувања на млади кадри.

**3. Инспекциски надзор**

- Усогласување, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.
- Употреба и ажурирање на листите за проверка за унифицирање на инспекциските постапки.
- Воспоставување јасна законска и институционална рамка преку идентификација и измена на неефикасно и неконзистентно законодавство.
- Недоволни средства за водење на електронска архива и непостоење на главна база на податоци за претходни мерки и резултати.
- Воведување на систем база на податоци која се ажурира тековно без дополнително оптоварување на инспекторите.

- Воведување на ISO 9001:2015 „Системи за менаџмент со квалитет".
- Воспоставување на систем за електронска поделба на предмети (ДМС).
- Организирање работилници и размена на искуства за инспекторите.
- Поголема автоматизација и синхронизација на обработка и анализа на податоците.
- Воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за унифицираност во работењето.

**4. Обука на инспекторите и административните службеници**

- Потребен е единствен систем за обуки и стручно усовршување врз основа на Стратегија за развој на структурирани програми за обука, со континуирано спроведување преку е-обуки.

**5. Буџет и финансирање**

- Буџетските ограничувања влијаат на спроведување на годишниот план за стручно усовршување.

**6. Меѓународна соработка**

- Инспекторатот соработува со внатрешни и надворешни институции и има склучено меморандуми за соработка со бројни институции, со цел приближување кон ЕУ стандарди.

**7. Други активности на инспекциската служба**

- Надградба на ИТ системите и развој на софтверска апликација која овозможува автоматизација на деловните процеси и интеграција на инспекциските служби во ДИЗ.
- Апликацијата треба да ги покрива сите процеси од Државните инспектори за земјоделство и Државните фитосанитарни инспектори, со цел комплетна поврзаност и олеснување на работата на инспекторите, евиденција на контроли и изготвување на извештаи на сите нивоа.

Заложбата на Државниот инспекторат за земјоделство е да продолжи со навремено, квалитетно и ефикасно вршење на инспекциските надзори, со цел почитување на законските прописи.

**Изработувачи:**

- д-р Мери Петреска – раководител на одделение

**Приматели следните организациони единици во Инспекторатот:**

- Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство;

- Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика;
- Сектор за проекти и административна поддршка на директорот;
- Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци